# СООПШТЕНИЕ

## Отворен ден на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## 2 декември 2022




Драги матуранти, наши идни студенти!

ОТВОРЕН ДЕН на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на 2 декември 2022 во два термина, во 10:00 часот и во 12:00 часот, со физичко присуство на секој од факултетите!

Ќе бидат презентирани студиските програми на факултетите, активностите на студентите, центрите за кариера. Запознајте ги одблиску професорите и студентите, прашајте сѐ што ве интересира за студиските програми, можностите за стипендирање, слушнете ги искуствата на студентите, нивните активности и вклученост во научноистражувачките проекти, дознајте за можностите за меѓународна размена, за студентскиот живот, за практикантството, за кариерните можности. Прошетајте низ факултетите на УКИМ, запознајте се со нивните физички капацитети, предавални, лаборатории...

Студирајте на Универзитетот со најдолга традиција во нашата земја!

Учете од најдобрите, студирајте на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј” во Скопје!

*** Презентацијата на студиските програми на Инстутутот за математика ќе се одржи со почеток во 12.30 часот во Математичкиот амфитетар М121. Истата ќе може да ја следите и онлајн на следниот линк: https://us05web.zoom.us/j/83430522089?pwd=ak04VTFBaGNjUDJxeVhJWktmMURjUT09